# СООПШТЕНИЕ

ЗА ЗАВЕРКА НА **ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР** И ЗАПИШУВАЊЕ НА **ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР** ВО УЧЕБНАТА **2026/2027** ГОДИНА ЗА СИТЕ СТУДЕНТИ НА **ТРЕТ ЦИКЛУС** СТУДИИ

Заверка на летниот семестар и запишување на зимскиот семестар во индекс во учебната 2026/2027 година, за студентите на ТРЕТ циклус студии на сите студиски програми, ќе се врши на шалтерот на Одделението за студентски прашања од 11-13:00 часот

**од 29.09.2026 година до 9.10.2026 година**

## I. Потребни документи за студенти запишани во првиот уписен рок во учебната 2025/2026 година (запишување во III семестар):

1. Индекс, со собрани потписи од предметните професори за запишаните предмети/активности од II (летен) семестар.
2. Образец за заверување на летниот семестар (II) во учебната 2025/2026 година (А4).
3. Образец за запишување на зимскиот семестар (III) во учебната 2026/2027 година (А3).
4. Доколку сите предмети од првиот семестар се положени, студентот приложува Уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или по електронски пат (испечатен налог) на жиро-сметката за уплатен надоместок за упис на зимски семестар (Прилог 2)
5. Статистички образец ВОИ.20 се пополнува електронски (Прилог 1)

Доколку, студентот **презапишува предмети**, треба да приложи уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или уплатена по електронски пат (да се приложи испечатен налог), на жиро-сметката на факултетот, за уплатен надоместок за упис на зимски семестар на ТРЕТ циклус студии, во уч.2026/2027 г. Износот се добива, како производ од половина од вредноста на единечен ЕКТС-кредитит, помножен со вкупниот број на кредити на предметот/и и /или активноста/ите, што се презапишуваат.

➢ **<u>Активности од II семестар што треба да бидат комплетирани:</u>**

- Два предмети од студиската програма за стекнување напредни знаења
- Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со Образец О6-ПТДТ-Пријава на тема на докторски труд.
- Извештај од кандидатот (во слободна форма), одобрен од менторот (во три примероци, поднесен преку архивата).
- Потпис од менторот во индекс.
- Прва годишна конференција

- *<u>Запишување во III семестар (Активности за III семестар)</u>*:

- Предлог-докторски проект (Независен истражувачки проект под менторство - докторски проект), 27 ЕКТС
- Прв докторски семинар (Предавања и друг вид на комуникациски активности), 3 ЕКТС

## II. Потребни документи за студенти запишани во вториот уписен рок во учебната 2025/2026 година (запишување во II семестар):

1. Индекс, со собрани потписи од предметните професори за запишаните предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од I семестар.
2. Образец за заверување на семестар (А4).
3. Образец за запишување на зимскиот семестар (II) во учебната 2026/2027 година (А3).
4. Уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или по електронски пат за уплатен надоместок за упис. ( Прилог 2 )
5. Статистички образец ВОИ.20 (се пополнува електронски) (Прилог 1)

- *<u>Запишување во II семестар (Активности за II семестар)</u>*:

- Два предмети од студиската програма за стекнување напредни знаења
- Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со Образец О6-ПТДТ-Пријава на тема на докторски труд.
- Извештај од кандидатот (во слободна форма), одобрен од менторот (во три примероци, поднесен преку архивата).
- Прва годишна конференција

## III. Потребни документи за студенти запишани во учебните години од 2018/2019 до 2024/2025:

1. Индекс (потписи од реализираните активности).
2. Образец за заверување на летниот семестар (IV) во учебната 2025/2026 година (А4).
3. Образец за запишување на зимскиот семестар (V) во учебната 2026/2027 година (А3).
4. Уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или по електронски пат за упис на зимски семестар ( Прилог 2 )
5. Статистички образец ВОИ.20 се пополнува електронски (Прилог 1)

- **Активности од IV семестар што треба да бидат комплетирани:**

- Изработка на докторскиот труд (Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект) 20 ЕКТС
- Меѓународна мобилност 6 ЕКТС
- Втора годишна конференција (Предавања и друг вид на комуникациски активности) 4 ЕКТС

- *Запишување во V семестар* (Активности за V семестар):

- Активности за објавување на два труда во референтна научна публикација, 20 ЕКТС
- Учество на меѓународен собир, 7 ЕКТС
- Втор докторски семинар (Предавања и друг вид на комуникациски активности), 3 ЕКТС

## *IV.* Потребни документи за студенти запишани во учебните години од 2018/2019 до 2024/2025 во втор рок:

1. Индекс со потписи од реализираните активности.
2. Образец за заверување на летниот семестар (А4) и образец за запишување на зимскиот семестар (IV) (А3).
3. Уплатница за упис на зимски семестар ( Прилог 2 )
4. Статистички образец ВОИ.20 се пополнува електронски (Прилог 1)

- **<u>Активности од III семестар што треба да бидат комплетирани:</u>**

- Предлог-докторски проект (Независен истражувачки проект под менторство - докторски проект), 27 ЕКТС
- Прв докторски семинар (Предавања и друг вид на комуникациски активности), 3 ЕКТС

- *<u>Запишување во IV семестар (</u>*Активности за IV семестар):

- Изработка на докторскиот труд (Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект) 20 ЕКТС
- Меѓународна мобилност 6 ЕКТС
- Втора годишна конференција (Предавања и друг вид на комуникациски активности) 4 ЕКТС

## IV. Запишување / Повторување на VI семестар и одбрана:

Студентите кои го запишуваат 6 семестар повторно, поднесуваат само образец за запишување на семестар (А3).

- **<u>Активности од V семестар што треба да бидат комплетирани</u>**

- Активности за објавување на два труда во референтна научна публикација, 20 ЕКТС
- Учество на меѓународен собир, 7 ЕКТС
- Втор докторски семинар (Предавања и друг вид на комуникациски активности), 3 ЕКТС

- **Активности од VI семестар:**

- Трета годишна конференција: Подготовка на презентација за рецензираниот труд од вториот докторски семинар и јавно презентирање.
- Одбрана на докторски труд: Документи за реализација: Образец О19Б-ДДТ-Доставување на докторскиот труд, Образец О20-ОФКО-Предлог за формирање Комисија за одбрана и Извештај од 5-члена Комисија.

- **Студентите кои немаат запишано семестри треба да приложат Индекс, барање за продолжување на прекинати студии и образец за запишување на семестар (А3).**

**-ПРИЛОГ 1-**

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**Статистички образец ВОИ.20**

**До услугата ВОИ 70 може да се пристапи директно преку:**

https://uslugi.gov.mk/apply-for-service.nspx?apsUniqueName=DZS-6168

или со скенирање на QR-кодот:

Секој студент потребно е да има активен кориснички профил на **ниско ниво** за да го пополни образецот и притоа од системот ќе добие два официјално потврдени документи со електронски печат на ДЗС:

1. Генериран образец и
2. Потврда за успешно доставен образец.

**Студентите се должни еден од овие документи да го достават во хартиена форма до Одделението за студентски прашања во роковите утврдени за упис на зимски семестар или да ги достават електронски на електронската адреса studentskiprasanja@fznh.ukim.edu.mk.**

Електронската порака треба да содржи во **Subject: број на индекс**, **име и презиме и студиска програма и задолжително, во прилог потврдата за успешно доставен образец.**

Доставувањето на образецот ВОИ.20, во хартиена или во електронска форма, е **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** при уписот на зимскиот семестар.

**-ПРИЛОГ 2-**

**ПОДАТОЦИ ЗА УПЛАТА**

| | |
|---|---|
| **ЦЕЛ НА ДОЗНАКА** | ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ЗИМСКИ СЕМЕСТАР 2026/27 |
| **НАЗИВ НА ПРИМАЧ** | БУЏЕТ НА РСМ - ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ |
| **БАНКА НА ПРИМАЧ** | НБРСМ |
| **ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА** | 100000000063095 |
| **СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК** | 1600104545 788 10 |
| **ПРИХОДНА ШИФРА** | 723012 |
| **ПРОГРАМА** | 41 |

**На следниот линк можете да добиете подетални информации поврзани со вашето студирање**:

https://ukim.edu.mk/studii/informacii-za-studentite/vodich-za-studenti/

https://ukim.edu.mk/doktorska-shkola/studii/informacii-za-godishni-konferencii/

https://ukim.edu.mk/doktorska-shkola/studii/dokumenti/

*ОД ДЕКАНАТОТ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ*